| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Подготовка на шумските животни за зима |
| **Содржина на денот** | Малото мече |
| **Возраст** | 3 -4 години |
| **Воспитувач** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за хигиената на рацете и запознавање со факторите кои го загрозуваат нашето здравје. |
| **Активност** | За оваа активност Ви предлагаме да појдете во ЗОО градина, посетете ги животните  од нашите шуми со цел да ги набљудуваат одблиску и прошират - утврдат знаењата за нив. Особено набљудувајте ја мечката и поттикнете го детето да ја опише, наведе нејзините делови од телото и нивната поставеност (слика 1).<br>По прошетката подгответе му на детето делови од мече направени од колаж хартија (слика 2) и зададете му задача да ги состави деловите од мечето (слика 3). Оставете го детето нека истражува и се обидува додека не ги постави правилно по негово видување.<br>Во продолжение може да му понудите составено мече и да ги воочи разликите ако ги има(слика 4).<br>Продолжете ја дружбата со детето во Вашата кујна и подгответе здрави медени колачиња. Дозволете му на детето да ги обликува колачињата (слика 5). |